# НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
NATIONAL SWIMMING FEDERATION

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-791
01.06.2021 год.

До :
Влада на Република Северна Македонија
За Премиер Г-дин Зоран Заев
Агенција за спорт и млади
За директор Г-дин Наумче Мојсовски
Олимписки комитет на Северна Македонија
За Претседател Г-дин Даниел Димовски

## Известување

Почитувани,

Сакаме да Ве информираме дека на претстојните летни Олимпискии Игри, пливањето како спорт од нашата држава има право на учество со двајца пливачи и тоа еден машки и еден женски пливач со право на вајлд-карта. Рокот за пријавување на пливачи – репрезентативци кои ќе не претставуваат на Олимписките Игри во Токио со вајлд-карта е 20.06.2021 година. Јасното правило на ФИНА како светска пливачка федерација е дека се пријавуваат двајца пливачи од нашата држава за вајлд-карта кои до тој период имаат највисок ранг според ФИНА бодовната таблица односно се пријавуваат најдобар машки пливач и најдобра женска пливачка од државата.

Преостануваат уште неколку официјални квалификациони натпревари до рокот за пријава , а после завршување на Европското пливачко првенство изминатиов месец и сите одржани официјални квалификациони натпревари моменталната состојба на најдобри наши пливачи со највисок ранг според Фина бодовна таблица е следен:

Мажи:
1.Деркоски Филип 732 бода(испливан на Европското првенство во Будимпешта)
2.Петровски Давор 682 бода(испливан на Европското првенство во Будимпешат)
3.Симоновски Иван 632 бода(испливан на критериумски натпревар во Белград)

Жени:

1.Петровска Ева 714 бода(испливан на критериумски натпревар во Белград)
2.Блажевска Еминова Миа 714 бода(испливан на Европското првенство во Будимпешта)
3.Крстевска Миа 711 бода(испливан на критериумски натпревар во САД)

Ве повикуваме како одговорни институции во областа на спортот и репрезентативните настапи од највисок ранг внимателно да го следите развојот на спортските настани во пливањето и заедно да го осигураме фер плејот, чесноста и задржување на достоинството во нашиот спорт со пријава на најдобрите пливачи и нивни тренери на најголемиот планетарен спортски собир кој ќе се одржи ова лето во Токио.

Со почит.

Скопје

01.06.2021

Национална пливачка федерација на
Северна Македонија
Претседател,
М-р Александар Филипчев

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Конт. адреса: Сала КК Работнички, Градски Парк, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
+389 78 386 236; +389 70 27 97 34; e-mail: aleksandarf@yahoo.com swimmkd_b@hotmail.com

www.pfm.org.mk

Scanned with CamScanner